Согласно член 36 став 1 алинеја 6, а во врска со член 8 од Статутот на здружението Институт за развој на електронски комуникации, како и во согласност со Законот за здруженија и фондации, Управниот одбор го донесува следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ИНРЕКОМ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на обезбедување на транспарентност во работењето на Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје (во понатамошниот текст: ИНРЕКОМ) и тоа:

- Постапката и начинот на примање на предлозите од заинтересираните страни;
- Начинот и местото на објавување на конкурси, огласи и повици, пријавените кандидати и други информации поврзани со истите; и
- Податоци и информации што Институтот ќе ги објавува како и начинот на пристап до истите согласно правните прописи.

### Член 2

Работата на Институтот е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на ИНРЕКОМ Скопје за сите облици на работење, со увид со спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на ИНРЕКОМ Скопје, за материјално-финансиското работење и друго.

За информирање за членовите и пошироката јавност се користат печатените медиуми, радиото, телевизијата, услугите на интернет како и печатените и електронските публикации на ИНРЕКОМ Скопје.

Здружението за својата работа може да ги известува сите заинтересирани физички и правни лица во земјата и во странство.

Институтот ја врши својата работа транспарентност овозможувајќи им на заинтересираните страни како што се членовите на здружението и вработените во Извршната канцеларија, да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови и да дадат забелешки и коментари во врска со годишната програма за работа и интерните акти.

Институтот обезбедува релевантните информации да бидат јавно достапни во согласност со прописите за заштита на личните податоци и прописите за пристап до информации од јавен карактер.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ПРИМАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

### Член 3

Институтот пред да ја донесе годишната програма за работа за наредната година или пред да донесе или измени интерен акт кој произлегува од Статутот или друг правен акт, а кој се однесува на членовите на здружението или вработените во Институтот, ќе достави писмено по електронска пошта и на својата интернет страница јавно ќе ја објави предложената годишна програма за работа, односно предложениот интернет акт, со цел да обезбеди јавна дискусија.

Рокот на траење на јавната дискусија во врска со донесувањето на годишната програма за работа за наредната година, односно во врска со донесувањето или изменувањето на интерниот акт од ставот 1 на овој член не смее да биде пократок од десет работни дена од денот на нивното испраќање по електронска пошта и нивното објавување на интернет страницата на Институтот.

### Член 4

Заради обезбедување на јавна дискусија и овозможување на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, Институтот може да одлучи, на својата интернет страница да ги објави и другите акти за чие донесување и измена е надлежен Институтот.

Рокот на траење на јавната дискусија за актите од ставот 1 на овој член, го определува Институтот, во зависност од видот и карактерот на актот, односно сложеноста на материјата која се уредува со актот.

**Член 5**

Додека трае јавната дискусија, сите заинтересирани страни своите мислења, гледишта и ставови можат да ги достават по електронска пошта, чија адреса ќе биде објавена во рамките на повикот за јавната дискусија.

Пред да ги донесе актите кои се на јавно разгледување, Институтот може да одржи и јавен состанок со заинтересираните страни.

Институтот на својата интернет страница јавно ги објавува добиените мислења и коментари, најдоцна во рок од три работни дена од нивното доставување, а ставот на Институтот по однос на истите се објавува пред донесувањето на актот.

**Член 6**

Институтот може да организира и јавни состаноци на кој би се изразиле ставовите и мислењата на заинтересираните страни, во однос на развојот на електронските комуникации и медиумските услуги во Република Македонија.

На јавните состаноци се повикуваат задолжително: претставници од регулаторните тела, медиумите, операторите, здруженија на граѓани и синдикални организации.

Поканите за учество на јавните состаноци се доставуваат најдоцна осум работни дена пред денот на одржување на јавниот состанок.

Институтот, на својата страница објавува информации за датумот и местото на одржување, како и агендата на јавниот состанок.

Учеството на јавниот состанок се потврдува со писмено известување до Институтот, преку електронската пошта или со телефонско јавување.

**Член 7**

На седниците на Управниот одбор или пак Собранието, можат да присуствуваат и лица кои не се членови на УО односно на Собранието, а истите своето учество го пријавуваат во Институтот пред почетокот на седницата.

Институтот дневниот ред го објавува на својата интернет страница и го испраќа по електронска пошта до засегнатите страни, односно членовите на здружението, вработените во Институтот и медиумите, најдоцна три работни дена пред денот на одржување на седницата.

## НАЧИН И МЕСТО НА ОБЈАВУВАЊЕ НА КОНКУРСИ, ОГЛАСИ И ОБЈАВИ

**Член 8**

Институтот на својата страница ги објавува сите конкурси, огласи и објави.

Објавата освен во посебен напис, истата ќе биде објавена и во форма на банер кој ќе води до конкретниот напис.

Со цел транспарентност односно јавност во работењето, Институтот може да донесе одлука за објавување на конкурс, оглас или објава и во дневен весник, на радио, на телевизија или пак на интернет портали.

## ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ШТО ИНСТИТУТОТ ЌЕ ГИ ОБЈАВУВА КАКО И НАЧИНОТ НА ПРИСТАП ДО ИСТИТЕ

**Член 9**

Интерните акти на Институтот кои се однесуваат на работењето можат да бидат објавени на интернет страницата, доколку за тоа се донесе одлука на седница на Управниот одбор или Собрание.

Извештаите за работа, финансиските извештаи како и Статутот задолжително се објавуваат на интернет страницата на Институтот.

## Член 10

Актите и податоците кои се јавно достапни се објавуваат на интернет страницата на Институтот по одлука на УО или Собранието и тоа:

- Во рок од седум дена: Статутот, деловникот за работа на Собранието, деловникот за работа на Управниот одбор; усвоените записници од седниците на УО и Собранието и одлуката за разрешување или именување на Претседателот, членовите на управниот одбор или програмскиот координатор.
- Во рок од два дена пред денот на одржување на седница на УО или Собранието: дневниот ред од седницата.

## Член 11

На интернет страницата на Институтот се објавуваат и следните податоци:

- Основни податоци за контакт со Институтот: назив, поштенска адреса, телефонски број, електронска адреса за контакт, единствениот даночен број, единствениот матичен број на субјектот, транскациската сметка, како и службени електронски пошти на вработените и линкови до нивни профили на социјални мрежи;
- Тимот и вработените во Институтот и неговата извршна канцеларија;
- Податоци за мисијата, визијата, целите и задачите на Институтот согласно Статутот;
- Статутот и интерните акти како што се правилници и кодексот за однесување на вработените во ИК и членовите на здружението;
- Публикации кои ги издава како и анализите кои ги изработува Институтот;
- Повици, огласи и конкурси; и
- Други информации и соопштенија.

Пристапот до интернет страницата на Институтот е бесплатен.

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### Член 12

Постапката по барањето за пристап до информации, Институтот го спроведува согласно со одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### Член 13

Институтот води листа на податоци и информации со кои располага, а кои се јавно достапни.

Листата од ставот 1 на овој член се објавува на интернет страницата на Институтот, со датумот на последното ажурирање.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

По влегување во сила на овој Правилник, истиот ќе биде објавен на интернет страницата на Институтот.

Скопје,

13.06.2019

____________________

Стефан Јевтиќ

Претседател на ИНРЕКОМ Скопје